*Оливер БАКРЕСКИ*

**УДК: 355.45(450)**
Прегледен труд

# ПОЛИТИКА НА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ НА ИТАЛИЈА

***Кратка содржина***

*Безбедносната политика на Република Италија служи како клучна рамка за реализирање на фундаменталните интереси во државата. Нема сомневање дека безбедносната политика на Италија има специфично место со оглед на тоа дека таа ги обединува вкупните напори во државата за адекватен одговор на заканите. Несомнено тоа придонесува за обликување мерки од безбедносен карактер, за дејствување на безбедносниот сектор во уставно дозволената рамка. Безбедносната политика истовремено овозможува политичките цели да прераснат во политичка безбедносна доктрина со која ќе се настојува да се продуцира оптимален концепт и стратегија на постапки заради остварување на поставените цели. Сложеноста, променливоста и меѓусебната условеност на безбедносниот систем и на безбедносната политика е причина што на едно место се анализирани овие два сегмента во Италија. Анализата е поткрепена со многу прашања и аналогно на тоа и со многу одговори поврзани со креирањето на безбедносната политика и условите во кои се остварува.*

***Клучни зборови:*** *БЕЗБЕДНОСТ, НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ, ПОЛИТИКА, БЕЗБЕДНОСНА ПОЛИТИКА, ИТАЛИЈА*

## 1. Воведни напомени

Територијата на Република Италија се простира на површина од 301.340 км$^2$, лоцирана во Јужна Европа (*Encyclopedia Britannica: Italian Peninsula*, 2020), од кои на копнениот дел му припаѓаат 294.140 км$^2$, додека под вода се 7.200 км$^2$ вклучувајќи ги и Сардинија и Сицилија. Италијанскиот Полуостров, односно Апенинскиот Полуостров е еден од трите големи полуострови на Јужна Европа, а другите два се Балканот (на исток) и Иберискиот (на запад). Апенинскиот Полуостров и Апенините се вулкански планински ланец подложен на чести земјотреси, а се протега во централното Средоземно Море, североисточно од Тунис со застапеност на крајбрежна територија од 7.600 км, погранична линија од 1.836 км и 2.400 км патни правци,[1] односно се протега од регионот на реката По, на југ на околу 960 км и ја продолжува должината на Полуостровот, а има максимална ширина од 240 км, додека низините се претежно долж крајбрежјето. На ис-

[1] Бела книга на меѓународна безбедност и одбрана, Министерство за одбрана на Република Италија, 2015.

ток е опкружен со Јадранското Море, на југ со Јонското Море, а на запад со Тиренското и со Лигурското Море. На Полуостровот, поголем дел отпаѓа на територијата од Италија, а помал дел ја вклучува независната република Сан Марино, како и едно од најсветите места на христијанството, Град Ватикан, кој сведочи за богатата историја и импозантното духовно наследство, со единствена колекција на уметнички и архитектонски ремек-дела кои се наоѓаат во границите на оваа мала држава (*UNESCO: Vatican City*, 2020). Италија има меѓународни граници со Австрија, со Франција, со Светиот Престол (Град Ватикан), со Сан Марино, со Словенија и со Швајцарија. Ги дели поморските граници со Албанија, со Алжир, со Хрватска, со Грција, со Либија, со Малта, со Црна Гора, со Шпанија и со Тунис. Два од најголемите медитерански острови припаѓаат на Италија: Сардинија на запад и Сицилија на југ (*Encyclopedia Britannica: Italy*, 2020). Италија е рангирана на 12-то место од државите за кои се пресметува годишен преглед на огнена моќ (*Global Firepower: Italy*, 2019).

Според процените до јули 2020 година Италија треба да брои околу 62.402.000 жители. Од вкупниот број жители 83,3% се христијани (претежно римокатолици со многу мали групи Јеховини сведоци и протестанти), 3,7% се муслимани, 12,4%, не се изјасниле и други 0,6% (проценка за 2010 година).(*The World Factbook CIA: Italy*, 2020) Бруто-домашниот производ според процената од 2017 година изнесувал 2.317 трилиони американски долари. Бруто-националниот производ по глава на жител за 2017 година изнесувал 38.200 долари (*The World Factbook CIA: Italy*, 2020).

## 2. Институции за креирање на безбедносната политика

Централни органи за креирање на безбедносната политика во Италија се: Парламентот, претседателот на Републиката и Советот на министри.

*Италијанскиот парламент* (италијански: Parlamento italiano) е национален парламент на Република Италија. Тоа е репрезентативно тело на италијанските граѓани и е наследник на Парламентот на Кралството Сардинија (1848–1861), потоа на Парламентот на Кралството Италија (1861–1946), преодниот Национален совет (1945–1946) и Уставното собрание (1946–1948). Парламентот има дводомно законодавство, односно го сочинуваат Претставнички дом – Camera dei Deputati (со 630 члена или депутати избрани на национална основа) и Сенатот на Републиката – Senato della Repubblica (со 315 члена или сенатори избрани на регионална основа, и дополнително избрани се мал број сенатори од општествениот живот или *senatori a vita*, или назначени по службена должност. Значи, законодавната функција се практикува колективно од двата дома. Двата дома се независни еден од друг и никогаш не се состануваат заедно, освен под околности утврдени со Уставот на Италија.[2] Со Републичкиот устав од 1948 година,

[2] Член 56, 57, 58 и 59 од Устав на Република Италија.

двата дома на Италијанскиот парламент имаат исти овластувања; совршен бикамерализам кој е кодиран во сегашна форма уште од времето на донесувањето на Статутот на Алберт во 1849 година и се актуализира по завршувањето на фашистичката диктатура од 20-тите до 30-тите години на минатиот век.

Парламентот има бројни овластувања кои како прерогативи се врзуваат да може да прогласи воена состојба и да ги даде потребните овластувања во Владата. Парламентот со закон е овластен да расправа за сите прашања од областа на безбедноста и одбраната за кои е потребно правно решение. Одлучува и за промена на границите и за ново законодавство. Исто така Парламентот со закон одобрува амнестија и помилување со 2/3 мнозинство од двата дома. Секоја година, Парламентот го донесува буџетот и финансиските извештаи поднесени од Владата,[3] и во нивни рамки и буџетот за безбедносниот сектор.

*Претседателот на Италија*, официјално претседател на Италијанската Република (италијански: Presidente della Repubblica Italiana) е шеф на државата Италија. Во таа улога, носителот на функцијата претседател го претставува националното единство и гарантира дека италијанската политика е во согласност со Уставот на Италија. Мандатот на претседателот трае седум години. Ова спречува секој носител на функцијата претседател да биде повторно избран од истите пратеници на двата дома на Парламентот на Италија (Претставничкиот дом и Сенатот на Републиката) кои имаат мандат од пет години. Со оваа поставеност, исто така, се обезбедува одредена гаранција од прекумерни политички врски со телата кои одлучуваат за назначување. Мандатот на италијанскиот претседател може да заврши со доброволна оставка, смрт, постојана инвалидност поради сериозно заболување или разрешување за кривични дела предавство или повреда на Уставот.[4]

Уставот ги утврдува должностите и овластувањата на претседателот на Републиката во повеќе области како надворешните работи каде има класични овластувања: акредитира и прима дипломатски функционери, ратификува меѓународни договори итн. Потоа, прогласува воена состојба, по одлука на Парламентот, а во рамките на парламентарните работи: номинира до пет доживотни сенатори, врши повикување на парламентарните домови на вонредна седница и нивно распуштање, повикува на избори и одредување на датумот за првиот состанок на новите домови. Претседателот преку законодавните овластувања има: овластување за презентирање на предложените закони до Парламентот, прогласување на законите одобрени во Парламентот, доставување до домовите (со образложение) и барање за повторно разгледување на закон (дозволено еднаш за еден закон), одговорност за народниот суверенитет, повикува на референдум,

[3] Articles 78, 79, 80, 81, and 82 of the Italian Constitution.

[4] Сенат на Републиката. Устав на Република Италија.

*(EURECNET. National Information: Italy*, 2020) додека во извршните работи и официјалниот протокол ги има следните овластувања: го именува премиерот на Италија и именува министри по советување со премиерот; ја прифаќа заклетвата на Владата; прима оставка од Владата; претседава со Врховниот совет за одбрана во кој се креира и политиката за национална безбедност и командува со вооружените сили. Во Врховниот совет за одбрана претседателот на Републиката се здобива со детални информации за ориентациите на Владата во безбедносните и одбранбените прашања, за да може соодветно да ја изврши сложената функција за балансирање и гаранција за која е назначен со Устав. Општо, Советот го сочинува постојаното институционално место во кое ќе се одржи мултидисциплинарна дебата и анализа на проблемите поврзани со безбедноста и одбраната и со безбедносната политика.

*Советот на министри* (италијански: Consiglio dei Ministri, CdM) е главен извршен орган на Владата на Италија. Го сочинуваат претседателот на Советот (т.е. премиерот), сите министри и потсекретарот на претседателот на Советот.[5] Канцеларијата на Советот на министри е регулирана со Уставот и се состои од претседателот на Советот на министри, кој заседава со Советот и министри кој се именува од претседателот на Италија по постизборните консултации со лидерите на парламентарните групи, претседателите на парламентарните домови и поранешните претседатели на Републиката. Премиерот се потврдува со иницијатива за доверба (номинално гласање) на двата дома на Парламентот во рок од 10 дена по дадената заклетва од страна на Владата во согласност со Уставот. Министрите ги назначува претседателот на Италија, по предлог на премиерот. Според Уставот, претседателот на Републиката има моќ да го доведе во прашање изборот на министер, доколку има реална основа, и додека не се дојде до договор, министерот на соодветното министерство нема да може да биде назначен. Сите овластувања на Советот на министри остануваат во рацете на претседателот на Републиката сè додека министрите не ги преземат своите канцеларии.[6]

Во согласност со член 95 од Уставот на Република Италија, претседателот на Советот на министри ја спроведува и носи одговорноста за општата политика на Владата. Претседателот на Советот обезбедува кохерентност на политичките и на административните политики, преку промовирање и координирање на дејноста на министрите. Премиерот е одговорен и за креирање и за спроведување на политиката на национална безбедност и оваа одговорност е споделена со Советот на министри и тие се индивидуално одговорни за своите постапки во соодветните министерства особено во ресорите за безбедност и одбрана.

Во делот на безбедноста и одбраната Владата има бројни овластувања. Следните овластувања му се доделени исклучиво на претседателот

[5] Совет на министри на Република Италија.

[6] Совет на министри на Република Италија: Кабинет.

на Советот на министри и тоа: а) надзор и целосна одговорност за безбедносно-разузнавачката политика во интерес и одбрана на Републиката и нејзините основни демократски институции утврдени со Уставот; б) примена на статус државна тајна и заштита на државните тајни; в) потврда за повик за статус на државна тајна; г) назначување и разрешување на генералниот директор и на еден или повеќе заменици-генерални директори на Одделот за безбедносно разузнавање; д) назначување и разрешување на директорите и замениците на директорите на безбедносните разузнавачки служби; и ѓ) определување на годишниот износ на финансиски средства што треба да се распределат на безбедносно-разузнавачките служби кој износ ќе го достави до парламентарната комисија (Borghetto, 2018). Заради остварување на овластувањата наведени под точките б) и в) погоре, претседателот на Советот на министри ги утврдува критериумите со кои се уредува апликацијата и повикувањето статус на државна тајна и ги издава одредбите неопходни за административна заштита на државните тајни, како и оние што се однесуваат на прашањето и одземање на дозволата за безбедност.

Претседателот на Советот на министри ги координира безбедносните разузнавачки политики, издава директиви и по претходна консултација со Меѓуресорскиот (меѓуминистерски) комитет за безбедност на Републиката, ја издава секоја неопходна мерка за организација и работење на системот за разузнавање и безбедност на Републиката (ENISA: CIIP Governance in the European Union, 2020). По претходна консултација со Меѓуминистерскиот комитет за безбедност на Републиката, претседателот на Советот на министри издава директиви до Министерството за безбедност и разузнавање (DIS) и до безбедносните и разузнавачки служби со цел зајакнување на безбедносните разузнавачки активности за заштита на критична инфраструктура, со посебен осврт до националната компјутерска одбрана и безбедност.[7]

Според анализата на уставната и легислативната поставеност во ланецот на командување во Република Италија, постои едно многу деликатно институционално прашање кое се провлекува нерешено уште од раѓањето на Републиката. Имено, Италија има парламентарен систем: премиерот - и министрите по предлог на премиерот - ги именува претседателот на Републиката. Владата ја презема функцијата по гласањето за доверба во двата парламентарни дома. Во оваа рамка, премиерот е *primus inter pares* (прв меѓу еднаквите) бидејќи има само ограничени хиерархиски одговорности над министрите (тој не може да ги разреши). Ова го комплицира синџирот на команда во воените сили. Врховен командант е претседателот на Републиката, кој нема стратегиска или оперативна улога. Оперативен командант е началникот на Генералштабот за одбрана, кој одговара на министерот за одбрана, но министерот за одбрана не одговара на премиерот.

[7] Министерство за внатрешни работи на Република Италија.

Она што недостасува е правен механизам што му дава на Кабинетот како целина овластување да го насочи ангажирањето на воениот инструмент. Постои широк договор за потребата од разјаснување на овој проблем со синџирот на команда, како клучен предуслов за поефикасно користење на вооружените сили за операции за поддршка на мирот, како и за други вонредни состојби (*United Nations Peacekeeping, Italy,* 2020).

### 3. Политика на национална безбедност на Република Италија

Италија е една од земјите основачи на ЕУ и на НАТО. Во однос на политичките области за кои Италија развива механизми за управување со современите отворени прашања, тука спаѓаат проблемите кои се однесуваат на почитување на човековите права, разоружување, заштита на животната средина, енергетска безбедност, борба против тероризмот, миграциите итн.

Во однос на надворешната политика, Република Италија развива економска, културна и научна дипломатија, преку билатерална соработка и преку институциите на ЕУ, Г8, Г20, ОБСЕ, како и други меѓународни организации.[8] Правната рамка на соработка е предвидена со член 11 од италијанскиот Устав, кој вели дека „Италија ќе се согласи […] на ограничувањата на суверенитетот што може да бидат неопходни за да се обезбеди мир и правда меѓу народите. Италија ќе ги промовира и охрабри меѓународните организации што ги постигнуваат таквите цели."[9]

Учеството во меѓународните мировни операции е константа во надворешната политика на Италија уште од раните осумдесетти години на минатиот век. Првото распоредување на вооружените единици по Втората светска војна се случи во 1982 година, среде Либанската граѓанска војна, потоа израелската инвазија на Либан, како и разорната опсада на Бејрут. Италијанската влада одговори на барањето за помош од либанските власти и распореди војници во Бејрут во рамките на Мултинационалните сили во Либан, во кои беа вклучени и француски, британски и американски контингенти (Camporini, 2019). Оттогаш, италијанските вооружени сили се ангажираа во голем број меѓународни напори за враќање на мирот и безбедноста ширум светот, во Кувајт (1990 –1991), во Сомалија (1992–1995), во сите зони на конфликтите во Западен Балкан и во Источен Тимор (1999–2000) итн. Денес, Италија има значителен придонес во однос на западните земји во мисиите на ООН и дава втор по САД најголем придонес во мисиите предводени од НАТО. Италија не е нуклеарна сила, така што не може да се потпре на нуклеарно заплашување како нуклеарен детерент за да спречи потенцијални напади, така што ефективна воздушна и противракетна од-

---

[8] Министерство за надворешни работи и меѓународна соработка на Република Италија.

[9] Исто.

брана се перципирани како есенцијален елемент за идната воена позиција на Италија (*European Defense Agency: National Policies and Strategies,* 2020).

Во отсуство на директна закана по нејзината национална безбедност, Италија избра да прогласи серија прашања што се значајни за нејзините национални интереси (Ignazi, Giacomello & Coticchia, 2012). Италија се проектира себеси како држава со средна моќ која учествува во големиот безбедносен сојуз на НАТО и во европскиот процес на интеграција. Во исто време, Италија во своите стратегиски определби има намера да преземе поголем профил и поголеми одговорности во географските области во кои има непосредни безбедносни интереси (Zapotoczny, 2018). Регионите, вклучувајќи го и Медитеранот, како што се Персискиот Залив, Централна /Источна Европа, Балканот и Турција со притисок во правец на областа на Каспиското Море и Централна Азија, се смета дека се нервен центар на идната европска стабилност и на италијанските интереси. Во однос на надворешната и безбедносна политика, Италија не се гледа себеси како самостоен актер кој дејствува изолирано во секоја регионална конфронтација, туку како дел од заедницата на европски нации кои дејствуваат заедно за решавање прашања и разлики што ќе ја нарушат политичката и економската стабилност на Европа.

Италија е важен економски и политички партнер на Соединетите Американски Држави. Непосредната близина на Италија со области кои продуцираат тензии на Балканот, Источниот Медитеран и Северна Африка го потенцира нејзиното стратегиско значење. Италија соработуваше со Соединетите Држави во обидите да промовира реконструкција, демократизација и стабилност во Ирак, во Авганистан и во Централна и Источна Европа, во имплементација на Дејтонскиот договор во Босна и Херцеговина и успехот на блискоисточниот мировен процес. Италија одигра клучна улога во акцијата на НАТО на Косово и во управувањето со бегалската криза, како и во напорите за економска и политичка стабилизација во Албанија. Италија одигра централна улога во растот на Европската Унија, поддржувајќи ја европската економска и политичка интеграција и се залага за посилен европски безбедносен и одбранбен идентитет во рамките на НАТО.

Италија последниве години успеа да изгради современ концепт на политика на национална безбедност кој се заснова на обезбедување на мирот и безбедноста во земјата и во меѓународната заедница за да одговори на предизвиците и заканите во новата безбедносна средина. Концептот го отфрла милитаризираниот пристап односно во Белата книга за меѓународна безбедност и одбрана од 2015 година, се исцртаа политичко-стратегиските ставови за развојот на армијата и нејзината употреба за целите на италијанската надворешна и одбранбена политика. Белата книга е прилично кохерентна во обид да се дефинираат приоритети за италијанската одбранбена политика, како и упатствата за реформа на Министерството за одбрана, врз основа на националните интереси и ресурсите кои ќе би-

дат на располагање на вооружените сили во наредните години (*The Italian White Paper for International Security and Defense*, 2015).

*Врз основа на стратегиската позиционираност и оцена за меѓународната безбедносна средина во која се нагласува зголемената опасност од асиметрични закани, Италија соодветно внимание посветува на заканите од тероризам, транснационалниот криминал, нелегалната миграција, трговија со луѓе, националниот организиран криминал, киберзаканите итн. Терористичките напади во изминатите години во одредени метрополи во светот потврдија дека тероризмот не е мртов. Навистина, и покрај намалувањето на Ал-Каеда и воените порази на Исламската Држава, двете групи сè уште се активни во водењето војни на нивните „далечни непријатели" на Запад. Сепак, се смета дека една голема, влијателна европска земја како Италија остана без терористички напад (Beccaro, Bonino, 2020; ISPI). Важно е да се напомене дека во Италија имало мали терористички напади, дури и да не се толку крвави или добро организирани како оние во другите европски земји. Покрај тоа, „немањето терористички напади" не значи дека нема никакви терористички активности. Во овој поглед, треба да се забележи дека во последните години италијанските безбедносни сили спроведоа неколку операции. На пример, во јуни 2017 година во Александрија се случи апсењето на Лара Бомбонати која им се придружи на исламистичките милиции во Сирија со нејзиниот сопруг Касио, кој беше убиен во истата земја. Таа беше член на џихадистичката ќелија со линкови до Италија и Европа. Во април 2018 година, поради операцијата Скорпион/Риба 2, беа уапсени 13 лица (Тунижани, Мароканци и Италијанци), кои користеле брзи моторцикли за шверц на цигари и илегални имигранти од Тунис. Понатамошните истраги покажаа дека припадниците на транснационалната криминална група имале врски со тероризам. Оваа операција е исто така значајна затоа што фрла интересно светло врз сродниот терористички криминал, имено врската помеѓу нелегалната трговија со луѓе (тутун, оружје, дрога и луѓе) во Средоземното Море и можноста ваквите активности да финансираат терористички групи. Според Франко Габриели, началник на италијанската полиција, во моментот не е можно да се каже дека помеѓу овие два феномена (криминал и тероризам) постојат блиски врски. Сепак, истрагите јасно покажуваат дека во неколку случаи постојат форми на соработка, иако ова не е воспоставена соработка, но се чини дека е еден вид брак од корист што е основа за одделни операции. Во пролетта 2016 година, поради предупредување на ФБИ, италијанските безбедносни сили го пронајдоа Мофтах Ал Слаке, либиски нелегален имигрант, кој се бореше во Либија за Ансар ал-Шарија и кој веќе спровел две извиднички мисии во трговски центар во близина на Џенова. Операцијата во 2017 година беше насочена во Џенова за Набил Бенамир, марокански државјанин со големо искуство во поставување направи и водење борби во Сирија и во Ирак со ИСИС. Според истражителите, неговата цел била да ги обучи членовите на ИСИС да прават и користат експлозив* (Terrorism: Tackling the Threat to Italy's Excepytionalism. Beccaro, Bonino; *ISPI, 2020).*

*Во контекст на новите безбедносни предизвици Италија смета во време на сѐ поголема зависност од дигиталните решенија во сѐ повеќе меѓусебно поврзан свет, стана јасно дека општеството станало ранливо. Тековната технолошка револуција и нејзините глобални ефекти подразбираат потреба во Италија и на други места да се справат со заедничките можности и предизвици преку системски пристап што мора да вклучува јавни институции, компании, академии и индивидуални граѓани. Заеднички, генерален предизвик кога станува збор за компјутерската безбедност е создавање јасна правна рамка и институционална архитектура, со цел да се идентификуваат сите субјекти одговорни за проблемите со компјутерската безбедност. Италија оствари огромен напредок во креирањето на екосистемот за компјутерска безбедност и ново управување/ стратегија за компјутерска сигурност во вербата дека транспарентно и заштитено опкружување може да придонесе за создавање позитивно деловно опкружување, поволно за раѓањето и развојот на нови компании и инвестиции во иновации (*Cybersecurity in Italy, New opportunities for business, September 2019, 4 - 5*)*

Во 2017 и 2018 година, Италија ја насочи и ја зајакна својата структура за компјутерска безбедност со цел да ги зајакне своите компјутерски можности. Области за приоритет за развој на знаење за компјутерска безбедност се прашања поврзани со одбраната и националната безбедност, критичните мрежи кои обезбедуваат основни услуги за крајните корисници и заштитата на националните бизниси. Кога станува збор за ИКТ, компјутерската безбедност е исто така фундаментална за заштитата на правата на граѓаните. Живееме во ера во која државните надзорни сили се прошируваат, каде глобалните гиганти на интернет ги собираат и снимаат податоците за нашето однесување, држејќи знаење за нашите најинтимни верувања и однесување, што може да им овозможи на другите да манипулираат (како на пример во случајот со познатите „лажни вести“ како феномен) и ги користат за да нè заплашуваат. Кибербезбедноста сè повеќе се фокусира и на финансискиот сектор, во кој кибернападите се насочени кон три специфични цели: организирање на големи кражби на финансиски податоци, привремено оштетување на банкарските и осигурителните услуги и нарушување на интегритетот на податоците присутни во банкарскиот систем. Италијанските компании се ентузијасти на софистицирани решенија за компјутерска заштита, а во исто време, производители и извозници на напредни технологии, ја позиционираат Италија меѓу најважните играчи на светскиот киберпазар (Ибид. стр. 5 - 12).

**Заклучок**

Политиката на национална безбедност на Италија е значајно државно и институционално прашање. Затоа градењето политика на национална безбедност е пред сè политичко и национално прашање што подразбира создавање концепт на добро осмислени идеи, а во нивната имплементација треба да бидат вклучени сите релевантни субјекти во државата.

Генерално политиката на национална безбедност во Италија се заснова на реалното согледување на безбедносните предизвици со кои се соочува државата, а вкупните напори се насочени кон оптимализирање на ресурсите за да се обезбеди потребната безбедност во Италија. Исто така, безбедносната политика вклучува важни одлуки на претседателот на Италија и на Владата за заканите кои сериозно можат да влијаат на внатрешната и на надворешната безбедност на државата. Таа е јасната синергија и дијалектика да се гради една јасна државна политика која ќе се заснова врз кохерентен пристап на претходно дедектирани состојби за развивање на соодветен приод за безбедност. Затоа, безбедносната политика на Италија не значи дека таа е само согледување на потребите и приоритетите на националната безбедност, туку и настојување и обединување на вкупните напори за да се остварат виталните интереси, а не согледување на парцијални интересни позиции.

Значи, ефикасна безбедносна политика на Италија не може да успее ако не се базира на прагматичен пристап. Тоа претставува супстрат во обликување на нејзината рамка на филозофија и служи како соодветна основа за децидно утврдување на обврските на сите безбедносни актери за решавање сложени безбедносни проблеми.

**Литература:**

ANDREATTA, F. 2001. "Italy at a Crossroads: The Foreign Policy of a Medium Power after the End of Bipolarity", *Daedalus* 130(2): 45-54.

BALOSSI-RESTELLI, M., L. (2013) "Italian Foreign and Security Policy in a State of Reliability Crisis?" *Modern Italy* 18(3): 255-267.

BORGHETTO, E. (2018) "Delegated Decree Authority in a Parliamentary System: The Exercise of Legislative Delegation in Italy (1987-2013)". *The Journal of Legislative Studies* 24(2): 179-196.

BUTTON, M. & STIERNSTEDT, P. (2019) *Comparing Private Security Regulation in the European Union*. Routledge.

CROCI, O. (2003) "Italian Security Policy after the Cold War" *Journal of Modern Italian Studies* 8(2): 266–283.

CROCIANI, P. & BATTISTELLI, P. (2013) *Italian Navy and Air Force Elite Units & Special Forces 1940-45*. Bloomsbury Publishing.

DI CAMILLO, F. *ET AL*. (2014) *The Italian Civil Security System*. IAI Research Papers. Edizioni Nuova Cultura, Roma.

DI CAMILLO, F., & MARRONE, A. (2014) *The Italian Civil Security System*. Programme 7th Project "Analysis of Civil Security Systems in Europe" (ANVIL) Edizioni Nuova Cultura.

DOMENICO, R., P. (2002) *The Regions of Italy: A Reference Guide to History and Culture*. Greenwood Press, London.

DUBBER, M. & HÖRNLE, T. (2014) *Oxford Handbook of Criminal Law*. Military Justice.

FIELDS, C., ET AL. (2013) *Handbook of Policing in Central and Eastern Europe*, Springer, New York.

GIACOMELLO, G., VERBEEK, B. (2011) *Italy's Foreign Policy in the 21st Century: the New Assertiveness of an Aspiring Middle Power*. Lexington Books, Plymouth, UK.

IGNAZI, P., GIACOMELLO, G., & COTICCHIA, F. (2012) *Italian Military Operations Abroad: Just Don't Call it War.* Basingstoke: Palgrave.

ITALY INTELLIGENCE Security Activities and Operations. Handbook Volume 1. Strategic Information and Regulations. International Business Publications, Washington DS, USA – Italy.

LABANCA, N. (2011) Defense Policy in the Italian Republic: Frames and Issues. *UNISCI Discussion Papers* No.25.

MIHALACHE, C., O. (2017) NATO's 'Out of Area' Operations: A Two- Track Approach. the Normative Side of a Military Alliance. *Croatian International Relations Review* - CIRR XXIII (80): 233-258.

SIDOTI, F. (2009) *The Italian Intelligence Services*. VS Verlag für Sozialwissenschaften.

WALSTON, J. 2011. "Italian Foreign Policy since the End of the Cold War." In *Italy in the Post-Cold War Order: Adaptation, Bipartisanship, Visibility*, edited by Carbone, M., 57–74. Lanham, MD: Rowman.

ZAPOTOCZNY, W., S. (2018) *The Italian Army in North Africa: A Poor Fighting Force or Doomed by Circumstance*. Fronthill Media.

**Интернет-извори:**

Constitution of the Italian Republic. Senato della Repubblica. https://www.wipo.int/edocs/lexdocs/laws/en/it/it037en.pdf

Encyclopedia Britannica. Italy. https://www.britannica.com/place/Italy

High Council for the Judiciary: About the Council: https://Www.Csm.It/En/Web/Csm-International-Corner/High-Council-For-The-Judiciary/About-The-Council

Italian Peninsula. https://www.britannica.com/place/Italian-Peninsula

Italy – Defense and Security: Internal Violence Challenging National Security. (Strategy, Performance and Risk Analysis) https://www.prnewswire.com/news-releases/italy---defense-and-security-internal-violence-challenging-national-security-strategy-performance-and-risk-analysis-300553436.html

Italy Military Strength (2020). Global Firepower. https://www.globalfirepower.com/country-military-strength-detail.asp?country_id=italy

Italy: The Chief of the Italian Defense Staff Strategic Concept. https://css.ethz.ch/en/services/digitallibrary/publications/publication.html/156795

Law 124/2007. https://www.sicurezzanazionale.gov.it/sisr.nsf/english/law-no-124-2007.html#Chapter_I

Ministero Degli Affari Esteri e della Cooperazione Internazionale. Policy Areas. https://www.esteri.it/mae/en/politica_estera/temi_globali (26.4.2020)

Ministero Della Difesa. Carabinieri. http://www.carabinieri.it/multilingua/en/welcome

Ministry of Defense. http://www.esercito.difesa.it/EN

National Policies and Strategies. European Defense Agency. https://www.eda.europa.eu/industry-info/directories/national-directories/national-policies-and-strategies (26.4.2020)

Republic of Italy. https://www.globalsecurity.org/military/world/europe/it.htm

Review of the Italian National Civil Protection System. OECD. https://www.oecd.org/italy/reviewoftheitaliannationalcivilprotectionsystem.htm

The Chief of staff of the Italian Army. http://www.esercito.difesa.it/en/organization/The-Chief-of-General-Staff-of-the-Army

The Intelligence and Military Security Service (SISMI) Servizio per le Informazioni e la Securezza Militare. https://www.globalsecurity.org/intell/world/italy/sismi.htm

The Italian White Paper for International Security and Defense. Instituto Affari Internazionali. https://www.iai.it/en/pubblicazioni/italian-white-paper-international-security-and-defence

The Role of the Financial Intelligence Unit. https://uif.bancaditalia.it/sistemaantiriciclaggio/uifitalia/index.html?com.dotmarketing.htmlpage.language=1

The World Factbook. Europe: Italy. https://www.cia.gov/library/publications/the-world-factbook/geos/it.html

Italian Ministry of Interior. Department for Civil Liberties and Immigration. European Commission. https://ec.europa.eu/knowledge4policy/node/6753_es

Sistema di Informazione per la Sicurezza della Repubblica. https://www.sicurezzanazionale.gov.it/sisr.nsf/english.html

Cyber Crime Legislation. Cyber Crime Policies/ Strategies. Italy. https://www.coe.int/en/web/octopus/countrywiki//asset_publisher/hFPA5fbKjyCJ/content/italy/pop_up?inheritRedirect=false